USAID FROM THE AMERICAN PEOPLE

LGBTQ+ VICTORY INSTITUTE

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПОТРЕБИТЕ И ПРИОРИТЕТИТЕ НА ЛГБТИ+ ЛУЃЕТО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Вонр. проф. д-р Ангелина Станојоска
М-р Ина Џугуманова


г
л
б

**Извештај за потребите и приоритетите на ЛГБТИ+ луѓето во Република Северна Македонија**

Издавач:
**Хелсиншки комитет за човекови права - Скопје**

За издавачот:
**Неда Здравева, претседателка**

Уредничка:
**Уранија Пировска, извршна директорка**

Авторки:
**Вонр. проф. д-р Ангелина Станојоска**
**М-р Ина Џугуманова**

Лектура:
**Весна Костовска**

Графички дизајн:
**Емилија Мишева**

Скопје, мај 2024 година

„Оваа публикација е подготвена од страна на Хелсиншки комитет за човекови права - Скопје во партнерство со ЛГБТК+ Виктори Институт и Коалиција Маргини, со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата на Соединетите Американски Држави за меѓународен развој (УСАИД). Ставовите изразени во оваа публикација не ги изразуваат нужно ставовите на УСАИД или на Владата на Соединетите Американски Држави.“

# С О Д Р Ж И Н А

*ЗА ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО И МЕТОДОЛОГИЈАТА ЗА НЕГОВО ИСТРАЖУВАЊЕ*
1. Вовед ........ 5
2. Цел на истражувањето ........ 7
3. Методологија на истражувањето ........ 7
3.1. Техники на собирање на податоците (инструментариум) и постапка на собирање на податоците ........7
3.2. Ограничување на истражувањето ........ 9
*ДЕМОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПРИМЕРОКОТ*
1. Родова структура и ЛГБТИ+ идентитет ........10
2. Старосна и етничка структура на примерокот ........ 10
3. Место на живеење ........ 12
4. Структура според образование ........ 13
*ДОМУВАЊЕ И ФИНАНСИИ/РАБОТА*
1. Домување ........ 14
2. Вработување и финансии ........ 15
ЛИЧНА БЕЗБЕДНОСТ И НАСИЛСТВО ........ 19
1. Чувство на безбедност ........ 19
2. Насилство ........ 20
3. Дискриминација ........ 23
*ПРАВНА ЗАШТИТА НА ЛГБТИ+ ЗАЕДНИЦАТА И ДОВЕРБА ВО ИНСТИТУЦИИТЕ*
1. Правна заштита на ЛГБТИ+ лицата ........ 26
2. Доверба во институциите и правна помош ........ 26
*МЕДИЦИНСКА ЗАШТИТА НА ФИЗИЧКОТО И МЕНТАЛНОТО ЗДРАВЈЕ*
1. Медицинска заштита на физичкото здравје ........ 29
2. Психотерапевтски и советодавни услуги ........ 30
*СОЦИО-КУЛТУРЕН ЖИВОТ*
1. Социјални и културни настани поврзани со ЛГБТИ+ заедницата ........33
*ГРАЃАНСКИ СЕКТОР*
1. Одлуки и граѓански организации ........ 36
*ИСТОПОЛОВИ ЗАЕДНИЦИ* ........ 38
*ТРАНСРОДОВИ ЛИЦА* ........ 40
*ЗАКЛУЧОК* ........ 42
*ПРЕПОРАКИ* ........ 44
*БИБЛИОГРАФИЈА* ........ 46
*ПРИЛОГ БР. 1* ........ 48

# ЗА ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО И МЕТОДОЛОГИЈАТА ЗА НЕГОВО ИСТРАЖУВАЊЕ

## 1. ВОВЕД

Анализирајќи ги правата, но и општествената положба на ЛГБТИ+ заедницата во источноевропските земји, особено во контекст на проширувањето на Европската Унија, потребно е да тргнеме од традиционалните норми и „идентитети“, кои во корелација со националниот идентитет честопати доведуваат до неможност за проширување на правата на ЛГБТИ+ луѓето, ниту до нивна инкорпорација во рамките на националните закони и јавни политики (Swimelar, 2018). Исто така, доминантни фактори за ваквата положба сè уште се религиозните институции, пред сè, црквата и нејзината општествена доминација, која го зајакнува конзервативниот општествен модел и го зацврстува бинарниот родов режим (Stulhofer & Sandfort, 2005).

Ваквата општествена перцепција доведува до исклучување на ЛГБТИ+ заедницата, кое заедно со стигмата, предрасудите и дискриминацијата, доколку се присутни уште од рана возраст, може да резултираат со прекин во процесот на образованието (Badgett et al., 2019), а потоа како последица може да има невработеност или слабо платена работа, што, пак, доведува до намалена продуктивност и сиромаштија (Valfort 2017). Сè претходно наведено води кон загрозено физичко и ментално здравје (WB Report, 2023).

Посочувајќи ги човековите права како категорија што е универзална, неделива и неотуѓива, во годината кога Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи слави 70 години од нејзиното влегување во сила, одредени категории граѓани во Република Северна Македонија сè уште не може целосно да ги уживаат нивните права и слободи, ниту да бидат заштитени во случај на нивно непочитување. Така, на пример, користејќи го Rainbow Europe Index за 2023 година, на процентуалната скала за почитување на правата на ЛГБТИ+ луѓето (0 – најниско ниво, односно 100 – највисоко ниво), Република Северна Македонија е оценета со 29 %, што ја позиционира на последното скалило од земјите во регионот на Западен Балкан. Иста е состојбата и во областа на еднаквоста и недискриминацијата на оваа категорија граѓани, каде што РСМ е оценета со 45 % (ILGA, 2023).

ЛГБТИ+ заедницата се соочува со многубројни проблеми во различни сфери од општествениот живот, сè уште е дискриминирана, а дел од ЛГБТИ+ луѓето го избираат себеприкривањето како инструмент за заштита, макар што тоа доведува до социјална изолација и последици по менталното здравје, како и намалени економски можности.

Ратификацијата на Истанбулската конвенција во 2017 година, измените на Кривичниот законик во 2019 година (и воведувањето на кривичните

дела од омраза како квалифицирани облици на одредени кривични дела) и донесувањето на Законот за спречување и заштита од дискриминација, до одреден степен, ја унапредија правната рамка за заштита на правата на ЛГБТИ+ луѓето, иако сѐ уште проблем се недостигот и неадекватниот начин на имплементација на правните решенија.

Доминантниот патријархален и хетеронормативен општествен контекст, но и секојдневното присуство на хомофобија, трансфобија, ксенофобија, како и неможноста за заштита од државните институции, животот на ЛГБТИ+ луѓето воопшто го прават тежок, обележан со дискриминација и насилство, како и со недоверба во институциите (Out of the Margins, 2020). Така, резултатите од истражувањето на ЛГБТИ Центарот од 2016 година укажуваат на 75 % недоверба во заштитата од страна на полицијата; 39 % од ЛГБТИ+ испитаниците што сметале дека се дискриминирани во областа на социјалната заштита, со речиси половина од нив што не пријавиле повторно поради недоверба; како и 71,27 % од испитаниците што биле жртви на насилство (Анализа ЛГБТИ Центар, 2016).

Сепак, стравот и недовербата, но и отсуството на заштита доведуваат и до неможност ЛГБТИ+ луѓето да живеат секојдневен, вообичаен живот. Односно, 87 % од ЛГБТИ+ луѓето често или секогаш избегнуваат да го држат за рака својот истополов партнер во јавност; потоа 50 % често или секогаш избегнуваат локации каде што се плашат дека би биле нападнати; 49 % барем еднаш биле дискриминирани во текот на нивниот живот; 41 % биле малтретирани, односно 19 % биле нападнати; а само 18 % се отворени во однос на својата сексуална ориентација (FRA, 2020).

И покрај пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот X v. the former Yugoslav Republic of Macedonia (ECHR, 29683/16, 17/01/2019), Република Северна Македонија сѐ уште нема законска регулатива за правно признавање на родот. Иако државата сѐ уште ја нема исполнето својата обврски за донесување на измените на Законот за матична евиденција, која произлегува од пресудата на ЕСЧП, трансродовите лица успешно ги менуваат своите документи. Понатаму, во Република Северна Македонија не постои никаков облик на признавање на истополовите заедници, ниту, пак, законската регулатива за семејство воопшто ги опфаќа ЛГБТИ+ луѓето.

Законот за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство во членот 3 предвидува дека за семејно насилство се смета „секое малтретирање, навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психичко, физичко или економско насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, вклучувајќи и закани за такви дејствија, спрема брачен другар, родителите или децата или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, како и спрема сегашен или поранешен брачен другар или вонбрачен партнер или лица, кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи, без оглед дали сторителот го дели или го делел истото живеалиште со жртвата или не“ (член 3 т. 3, Закон за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство („Сл. весник на РСМ“ број 24 од 29.1.2021 година)).

За блиски лични односи, Законот предвидува дека тоа „се лични односи меѓу лица кои се или биле во партнерски односи, без оглед дали сторителот го дели или го делел истото живеалиште со жртвата или не“ (член 3 т. 4, Закон за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство („Сл. весник на РСМ“ број 24 од 29.1.2021 година)).

Оттука, ЛГБТИ+ лицата, во случај да бидат жртви на каква било форма на насилство од страна на поранешен или сегашен партнер/-ка, без оглед на тоа дали го делат или не го делат своето живеалиштето, може да поведат постапка за превенција, спречување и заштита од семејно насилство пред надлежните институции.

Досегашното искуство на ЛГБТИ Центарот за поддршка покажало дека ЛГБТИ+ луѓето се соочуваат со најмногу проблеми во областа на дискриминацијата и пристапот до социјални услуги; насилството, родово заснованото насилство и семејното насилство како облик, институционалната заштита во вакви случаи; полицискиот третман и пристапот до полициска заштита (Анализа ЛГБТИ Центар, 2016: 5).

Како дел од група што не е мнозинство, ЛГБТИ+ лицата се соочуваат со голем број проблеми и предизвици во речиси сите општествени сфери, а тоа дополнително ја зголемува потребата од сеопфатна анализа на национално ниво, која јасно би ги идентификувала итните потреби и проблеми. На тој начин, преку идентификација на клучните потреби и проблеми би се отворила уште поголема можност за зголемено влијание и работа за и кон нивно овозможување, како и за спречување на дискриминацијата на оваа заедница.

# 2. ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Целта на истражувањето е да бидат идентификувани потребите и приоритетите на ЛГБТИ+ луѓето во Република Северна Македонија, пред сè, во однос на основните потреби и безбедноста, домувањето и финансиите, медицинската заштита и заштитата на менталното здравје, правната заштита, социо-културниот живот, како и други потреби.

Резултатите од ова истражување треба да бидат искористени за подобрување на генералната положба на ЛГБТИ+ лицата во РСМ или за подобрување во одредени области, како и за споредбена анализа и заклучоци во однос на потенцијални промени на состојбата од претходни истражувања. Всушност, истражувањата и информациите за ЛГБТИ+ заедницата се првиот чекор кон напорите да се спречи дискриминацијата на оваа група граѓани.

# 3. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 3.1. ТЕХНИКИ НА СОБИРАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ (ИНСТРУМЕНТАРИУМ) И ПОСТАПКА НА СОБИРАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ

За потребите на истражувањето беа изработени два инструменти, односно анкетен прашалник и протокол за интервју. Тоа беше спроведено од истражувачки тим составен од двајца истражувачи и двајца теренски собирачи на податоци.

Анкетниот прашалник се состоеше од 70 прашања поврзани со потребите на ЛГБТИ+ лицата, кои вклучуваа прашања од затворен, полуотворен и отворен тип.

Прашањата беа поделени во девет групи, односно:

1. Демографски карактеристики;
2. Домување и финансии/работа;
3. Лична безбедност и насилство;
4. Правна заштита на ЛГБТИ+ заедницата и доверба во институциите;
5. Медицинска заштита на физичкото и менталното здравје;
6. Социо-културен живот;
7. Граѓански сектор;
8. Истополови заедници;
9. Трансродови лица.

Пред да биде дистрибуиран, прашалникот беше пилотиран меѓу членовите на истражувачкиот тим и нивни блиски лица за да се обезбеди негова функционалност, но, пред сè, и разбирливост кај потенцијалните испитаници.

Собирањето на податоците беше онлајн, преку употреба на платформата „SurveyMonkey“ во периодот од 14 јули до 14 септември 2023 година. Линкот до прашалникот беше споделуван од страна на истражувачкиот тим, односно од двајца собирачи на податоци на терен на адреси на електронска пошта на ЛГБТИ+ лица, но беше поставен и на социјалните мрежи (на профилите на Инстаграм и Фејсбук на Хелсиншкиот комитет и неговите соработници).

На ваков начин, за одредување на примерокот беше употребен методот на намерно избирање во комбинација со „снежна топка“, додека, пак, при собирањето на податоците беше загарантирана анонимноста на учесниците. Методот на намерно избирање беше искористен поради тоа што станува збор за маргинализирана заедница во која голем број членови сè уште се „аутирани“, па потребно беше прашалникот да им се прати на лица за кои истражувачкиот тим беше сигурен дека се ЛГБТИ+, додека, пак, методот на „снежна топка“ беше искористен затоа што дел од испитаниците во примерокот беа замолени да го пратат прашалникот до свои пријатели или познајници за кои знаат дека се ЛГБТИ+ лица и кои би биле заинтересирани да учествуваат во истражувањето.

Пред почетокот на пополнувањето на анкетниот прашалник, учесниците во истражувањето требаше да дадат електронска согласност за доброволно учество со која истовремено потврдуваат дека се полнолетни, односно имаат минимум 18 години.

На ваков начин, во наведениот временски период се собрани одговори од 116 прашалници, со што и примерокот вклучува 116 испитаници.

По собирањето на податоците, тие беа обработени со употреба на статистичкиот пакет (SPSS), при што искористена беше дескриптивна статистичка анализа на квантитативни податоци. Истовремено, извршена беше и квалитативна анализа на добиените одговори на прашањата од полуотворен и отворен тип.

За интервјуата беше составен полуструктуриран протокол што се состоеше од прашања од сите претходно наведени области како и во анкетниот прашалник, со прашања од отворен тип.

Во рамките на истражувањето беа спроведени 15 (петнаесет) интервјуа во текот на август 2023 година, односно за време на одржувањето на Летната школа за ЛГБТИ+ политичко лидерство и социјални промени во Северна Македонија.

Секое од интервјуата траеше по минимум 20 минути, при што беа снимани, а пред почетокот, учесниците потпишуваа согласност за учество во истражувањето и согласност за аудиозапис од нивното интервју.
Од одговорите на интервјуата беа изработени транскрипти, а потоа преку нивна квалитативна анализа (анализа на содржина) беа искористени за анализата на одредени потреби на ЛГБТИ+ лицата во насока на дополнување празнини или доразјаснување одредени аспекти опфатени со прашалникот.

## 3.2. ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Територијално, истражувањето се одвива на територијата на цела Република Северна Македонија. Сепак, поради бројот од 116 испитаници, истражувањето има ограничувања во однос на нерепрезентативноста на примерокот (за што постојат објективни фактори) и ја ограничува генерализацијата на одредени потреби. И покрај тоа, истражувањето ги следеше најдобрите примери за одредување примерок на потешко достапни популации (Kalton & Anderson, 1986; Dawood, 2008; Christman, 2009; Wagner & Lee, 2014).

Но, и покрај ограничената генерализација, состојбата во практиката со одредени општествени сфери на живеењето и работата на ЛГБТИ+ лицата во голема мера ја отсликува вистинската ситуација во која се наоѓа оваа заедница.

# ДЕМОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПРИМЕРОКОТ

## 1. РОДОВА СТРУКТУРА И ЛГБТИ+ ИДЕНТИТЕТ

Во однос на типот на ЛГБТИ+ идентитетот на примерокот (Графички приказ бр. 1), испитаниците, односно најголем дел од нив – 35,11 % посочиле дека се лезбијки, понатаму 31,91 % – бисексуални лица, 19,15 % – геј-мажи, 4,26 % – пансексуални лица, додека, пак, 9,57 % одговориле дека се идентификуваат со друг идентитет, не посочувајќи кој.

Графички приказ бр. 1
**Типови ЛГБТИ+ идентитет (во проценти)**




Родовата структура на примерокот (Графички приказ бр. 2) вклучува: цисродови жени – 55,32 %, цисродови мажи – 20,21 %, трансродови жени – 3,19 %, трансродови мажи – 3,19 %, небинарни лица – 5,32 %. Оние испитаници (12,77 %) што избрале одговор дека нивниот родов идентитет не е опфатен со понудените одговори, би посочиле дека или се цисродови жени или мажи.

Графички приказ бр. 2
**Родова структура (во проценти)**




## 2. СТАРОСНА И ЕТНИЧКА СТРУКТУРА НА ПРИМЕРОКОТ

Прашањето број 3 бараше од испитаниците да посочат на која староснa група ѝ припаѓаат. Имено, примерокот на истражувањето се движи помеѓу 18 и 45 години, односно 25,53 % се на возраст помеѓу 18 и 25 години, 40,43 % на возраст помеѓу 26 и 35 години, односно 34,04 % на возраст помеѓу 36 и 45 години.

Графички приказ бр. 3
**Староснa структура на примерокот (во проценти)**



Следното прашање бараше од испитаниците да ја посочат својата етничка припадност, по што резултатите покажаа дека во примерокот доминираат лицата со македонска етничка припадност, и тоа 87,23 %, потоа 3,19 % се Албанци, 2,13 % се Роми, додека, пак, со по 1,06 % се Турци, Власи и Срби. Останатите 4,26 % вклучуваат други етнички заедници за кои не бил понуден одговор, но испитаниците, при изборот на Друго, не вcase ништо во делот за текст до одговорот.

Графички приказ бр. 4

**Етничка структура на примерот (во проценти)**




# 3. МЕСТО НА ЖИВЕЕЊЕ

Во однос на местото на живеење на испитаниците од примерокот, 93,62 % се од урбана средина (Скопје, Битола, Ресен, Демир Хисар, Гевгелија, Тетово, Охрид, Струмица), додека, пак, 6,38 % од рурални средини.

Графички приказ бр. 5

**Место на живеење на примерокот (во проценти)**



# 4. СТРУКТУРА СПОРЕД ОБРАЗОВАНИЕ

Во однос на образованието на испитаниците, 2,13 % се со основно, 14,89 % со средно, 44,68 % со високо образование, потоа 32,98 % со магистерски студии, додека, пак, 3,19 % се со степен доктор на науки.

Графички приказ бр. 6
**Ниво на образование на примерокот (во проценти)**



# ДОМУВАЊЕ И ФИНАНСИИ/РАБОТА

## 1. ДОМУВАЊЕ

Првото прашање во вториот дел, кој се однесуваше на домување, финансии и вработување, се однесуваше на информацијата за тоа со кого живеат испитаниците. Така, 40,45 % живеат со членови од семејството, 28,09 % сами, 25,84 % со своите партнери, додека, пак, 5,62 % со цимери. Ваквата дистрибуција на одговорите на примерокот нè носи до заклучокот дека речиси половината од примерокот не е во финансиска состојба да биде независен во однос на сместувањето, па токму поради тоа живеат или со членови на семејството или со цимери.

Графички приказ бр. 7
**Со кого живеете? (во проценти)**




И следното прашање е поврзано со делот што се однесува на домувањето, односно за тоа каде живеат испитаниците. Според дистрибуцијата, одговорите се следни: 39,33 % во сопствен дом, 25,84 % во домот на родителите, 25,84 % под кирија, 6,74 % во домот на своите партнери. И во овој случај, повторно поголем дел од испитаниците живеат во домот на родителите или под кирија, а тоа укажува на финансиската немоќ или на зависност.

Графички приказ бр. 8
**Каде живеете? (во проценти)**




# 2. ВРАБОТУВАЊЕ И ФИНАНСИИ

Социјално одржливите заедници и општества се заедниците каде што луѓето се чувствуваат како да се дел од развојот и веруваат дека може да придонесат за уште побрз развој (Barron et al., 2023). Всушност, инклузијата на ранливите групи е првиот и најважен чекор за изградба на правично и еднакво општество, додека, пак, нивното исклучување е многу скапо, а општеството нема можност да го исполни целокупниот сопствен потенцијал.

Висината на исклучувањето на ЛГБТИ+ луѓето врз основа на сексуална ориентација или родов идентитет, светската економија ја чини 1,7 % од БДП (UNAIDS, 2014), додека, пак, на Северна Македонија отпаѓаат 0,51 %. И тоа, не станува збор само за директни економски загуби, туку и помалку даноци, продуктивност, како и зголемени фискални трошоци на пазарот на трудот (WB Report, 2023: 8).

Вториот поддел од овој дел се однесува на вработувањето, односите на работното место поврзани со фактот што испитаникот е ЛГБТИ+ лице, кариерното напредување и висината на приходите.

Така, 50,56 % од примерокот се лица што се вработени на неопределено време, понатаму 16,85 % се вработени на определено време, 8,99 % работат како хонорарци, додека, пак, 7,87 % работат со договор на дело, односно не се пријавени од работодавачите. Речиси 1/6, односно 15,73 % не се вработени во моментот (Графички приказ бр. 9).

Графички приказ бр. 9

**Дали сте вработени? (во проценти)**




Во Република Северна Македонија, ЛГБТИ+ лицата имаат малку повисока невработеност (13,5 %) од генералната популација (12 %), но како група се соочуваат со високо ниво на дискриминација и стигма на работното место (WB Report, 2023: 9).

Наредните две прашања се однесуваат на поврзаноста со ситуацијата на работното место во корелација со сексуалната ориентација или родовиот идентитет на испитаниците, односно на тоа дали нивната сексуална ориентација или родовиот идентитет е причината поради која имаат проблеми на работното место или поради која потешко се вработуваат.

Истражувањето на FRA спроведено во 2019 година покажало дека 13 % од испитаниците се почувствувале дискриминирани како ЛГБТИ+ лица кога барале работа претходната година, додека, пак, 25 % биле дискриминирани на работното место затоа што биле отворени за својата сексуална ориентација/родов идентитет (FRA, 2020).

Всушност, во нашето истражување, 45,45 % од испитаниците немаат проблеми на работното место поради нивната сексуална ориентација/родов идентитет, бидејќи нивните колеги не знаат за тоа, додека, пак, 41,56 % немаат проблеми, иако на работното место колегите знаат за нивната сексуална ориентација/родов идентитет. Сепак, 12,99 % посочиле дека имаат проблеми, кажувајќи дека најчесто се жртви на мобинг, дискриминација или нивните соработници се под притисок да не работат со нив (Графички приказ бр. 10).

Графички приказ бр. 10

**Дали имате проблеми на работното место затоа што сте ЛГБТИ+ лице? (во проценти)**




Во однос на моменталната вработеност, на прашањето број 11, 15,73 % одговорија дека не се вработени, а 12,99 % посочија дека сметаат дека нивната сексуална ориентација, односно родов идентитет е причина поради која тие не може да најдат соодветно работно место, посочувајќи дека ЛГБТИ+ лицата не се посакувани како работници, дека постојат предрасуди и дека се предмет на дискриминација.

Графички приказ бр. 11

**Дали тешко наоѓате вработување затоа што сте ЛГБТИ+ лице? (во проценти)**




Последното прашање од оваа група се однесуваше на кариерното напредување и можните пречки за тоа поради сексуалната ориентација/родовиот идентитет, со 41,57 % што сметаат дека тоа не може да биде пречка, бидејќи другите не знаат за тоа дека се ЛГБТИ+ лице, но и со 13,48 % што сметаат дека тоа е проблем за да напредуваат во кариерата. Само 20,22 % од испитаниците немаат проблем со искачувањето на повисоки професионални позиции, иако другите колеги ја знаат нивната сексуална ориентација/родов идентитет.

Графички приказ бр. 12

**Дали сметате дека Вашата сексуална ориентација или родов идентитет Ви го отежнува кариерното напредување? (во проценти)**



# ЛИЧНА БЕЗБЕДНОСТ И НАСИЛСТВО

Во рамките на анкетниот прашалник, третиот дел од прашањата се однесуваше на личната безбедност и насилството. Целта беше преку овие прашања да заклучиме на кои места ЛГБТИ+ лицата се чувствуваат најмногу безбедни, а на кои најмалку.

За потребите на истражувањето, безбедноста е сфатена како физичка и психичка безбедност, односно чувство на слобода од вознемирување, закани и насилство.

## 1. ЧУВСТВО НА БЕЗБЕДНОСТ

Прашањето бр. 16 бараше од испитаниците да посочат колку безбедно се чувствуваат во одредени случаи, избирајќи меѓу:

- небезбедно во најголем дел од времето;
- повеќе небезбедно, отколку безбедно;
- повеќе безбедно, отколку небезбедно;
- безбедно во најголем дел од времето.

Резултатите покажуваат дека ЛГБТИ+ лицата се чувствуваат безбедно во домот каде што живеат (65,63 %); потоа со партнерот/партнерката (64,06 %); на местото каде што работат (56,25 %); и со членовите на семејството (50 %).

ЛГБТИ+ лицата во РСМ најмалку безбедно се чувствуваат во полициска станица (28,13 %); во јавниот транспорт (15,63 %); на јавен простор (паркови, автобуски постојки, на улица или на јавни собири) (12,50 %); во судови (12,50 %) и во здравствени установи (12,50 %).

Останатите простори, како што се културните установи (39,06 %), местата за социјализација (кафе-барови, клубови, ресторани) (42,19 %) и соседството во кое живеат ЛГБТИ+ лицата (42,19 %), се простори каде што тие се чувствуваат повеќе безбедно, отколку небезбедно.

Во случаите кога некој од испитаниците посочил дека во некој од посочените места не се чувствува безбедно, причините се поврзани со стравот да биде откриена нивната сексуална ориентација од членовите на семејството (во домот каде што живеат/со членовите на семејството); хомофобични соседи (во соседството); страв од физички напади на јавен простор кога се со партнерот/партнерката (на јавен простор/на јавни собири); поради дискриминаторски однос од страна на персоналот (здравствени установи, полициска станица, судови).

Дури 57,81 % од испитаниците одговориле дека се плашат за својата безбедност како ЛГБТИ+ лица, а како резултат на тоа преземаат одредени мерки за да се заштитат, како што се: ја кријат својата сексуална ориентација/родов идентитет (77,78 %); избегнуваат да шетаат во одредени делови на градот што важат за небезбедни за ЛГБТИ+ луѓе (35,56 %); избегнуваат да шетаат сами (20 %).

– „Бираш кругови и места за да живееш безбедно, тоа е една од причините да се преселам од Скопје, живеам под кирија во Центар затоа што сметам дека е побезбедно, ама генерално на улица и не се осеќам секогаш безбедно.“

– „Се чувствувам безбедно, бидејќи не знаат за мојата сексуалност, проаѓам како стандардно жена.“

– „После протестот на МПЦ, во јавен превоз, гледајќи ги луѓето околу мене се прашував, колку од овие луѓе, доколку знаат дека имам девојка, би ме искршиле од ќотек и би ме ставиле на клада; претходно не, затоа што не се експонирам со секс-ориентација, а второ затоа што сум во бабл на луѓе кои знаат за мене и ме прифаќаат каква што сум.“

Графички приказ бр. 13
**Дали се плашите за сопствената безбедност затоа што сте ЛГБТИ+ лице? (во проценти)**




Во однос на стравот за својата безбедност, најголем дел од испитаниците посочиле дека тој им се зголемил по активностите на антиродовите движења и дејствувањето на црквата, бидејќи дискурсот е насочен на ширење лаги и невистини, како и омраза кон целокупната ЛГБТИ заедница. Голем дел од нив, во месецот на гордоста го ограничуваат своето движење надвор, особено наве**чер.**

# 2. НАСИЛСТВО

Насилството во Криминолошкиот речник SAGE (SAGE Dictionary of Criminology) е дефинирано од Елизабет Станко (Elizabeth Stanko) како секој облик на однесување на поединецот со кое намерно се заканува или се нанесува физичка, сексуална или психичка повреда на друго лице или на самиот себе (McLaughlin & Muncie, 2011: 316).

Во законодавството на Република Северна Македонија, со измените на Кривичниот законик од 2018 година, воведен е нов став (42) на членот 122, каде што се дефинирани делата од омраза. Имено, дело од омраза е секое кривично дело против физичко или правно лице и со нив поврзани лица или имот, кое е сторено во целост или делумно поради реална или претпоставена (замислена, вообразена) карактеристика или поврзаност на лицето што се однесува на раса,

боја на кожа, националност, етничко потекло, религија или уверување, ментална или телесна попреченост, пол, родов идентитет, сексуална ориентација и политичко уверување (чл. 122, ст. 42, КЗ на РСМ).

Покрај дефинирањето, воведена е омразата (како мотив) поради одредена (наведена во дефиницијата) карактеристика на жртвата кај поголем број квалификувани облици на кривични дела: убиство; тешка телесна повреда, присилба; противправно лишување од слобода; мачење и друго сурово, нечовечно и понижувачко постапување и казнување; загрозување на сигурноста; спречување јавен собир; силување; полов напад врз дете што не навршило 14-годишна возраст; неукажување медицинска помош; тешка кражба; разбојништво; разбојничка кражба; оштетување туѓи предмети; изнуда; насилство (Станојоска и Аслимоски, 2019: 124).

Истражувањето на јавното мислење спроведено од ERA на почетокот на 2023 година покажало дека 40 % од испитаниците посочиле дека ЛГБТИ+ луѓето се жртви на психичко, односно емоционално насилство, додека, пак, 30 % дека ЛГБТИ+ луѓето редовно се жртви на физичко насилство (ERA, 2023).

Трендот на говорот на омраза во сајбер просторот врз основа на сексуалната ориентација и родовиот идентитет е сличен со тој врз основа на полот и родот, со највисоко ниво на регистрирани инциденти во 2020 и 2021 година, нотирајќи дека Парадата на гордоста сè уште е клучен настан што предизвикува хомофобичен и трансфобичен говор на омраза (DCAF, 2023: 104).
Во случајот на нашето истражување, 31,25 % одговориле дека во текот на животот доживеале одреден облик на насилство поради тоа што се ЛГБТИ+ лица.

Графички приказ бр. 14
**Дали сте доживеале насилство поради тоа што сте ЛГБТИ+ лице? (во проценти)**




Насилството што го трпат ЛГБТИ+ лицата најчесто е психичко и, пред сè, вербално, и во физичкиот простор и во сајбер просторот, но и физичко.

Притоа, дури 80 % од оние испитаници што го доживеале насилството избрале да не го пријават тоа, посочувајќи дека немаат доверба во институциите и дека и да пријават, нема да добијат ниту заштита, ниту, пак, би бил откриен напаѓачот. Исто така, посочуваат дека ако пријават, ќе треба да се аутираат, а потоа долго време да одат од институција во институција и пак на крајот нема ништо да биде решено.

Во истражувањето на ЛГБТИ Центарот објавено во 2016 година, овој процент бил 71 % (Анализа ЛГБТИ Центар, 2016).

Останатите 20 % што одговориле дека го пријавиле насилството, тоа го сториле во обвинителство (40 %), полиција (30 %) и во невладина организација (30 %). Сепак, 85,71 % од сите што пријавиле посочиле дека нивниот случај не бил решен, и покрај тоа што решиле да го пријават.

– „Сум пријавувала во полиција, во обвинителство, но досега немало никакво решение од институциите.“

– „За да пријавам треба да се аутирам, плус институциите се неефикасни, за моето ментално здравје е подобро да не пријавам за потоа да се замарам по институции, знам дека можат да се одмаздат на моето семејство.“
– „Не пријавувам, бидејќи сум од мал град, што и да се случи, после ќе ме најдат и ќе ми се одмаздат.“

Во истражувањето на ЛГБТИ Центарот од 2016 година, ЛГБТИ+ лицата што имале контакт со полициските службеници во својство на сведок или осомничен посочиле дека имаат забелешки во врска со односот поради дискриминација, ненавремено и неефикасно постапување, несоодветен однос.

Во сите случаи, причината била нивната сексуална ориентација и/или родов идентитет (Анализа ЛГБТИ Центар, 2016).

# 3. ДИСКРИМИНАЦИЈА

Стигмата, предрасудите, дискриминацијата и исклучувањето ЛГБТИ+ луѓе доведуваат до недоволно заштитено здравје, смрт во рана возраст и многу малку финансии.

Дискриминацијата, според одредбите од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на РСМ“ бр. 258, 30.10.2020), се однесува на „секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова врз дискриминаторска основа, со сторување или несторување, кои имаат цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација, вклучително и оневозможување соодветно приспособување и оневозможување пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите“ (член 6, Закон за спречување и заштита од дискриминација).

Притоа, дискриминацијата може да биде врз основа на раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа (член 5, Закон за спречување и заштита од дискриминација).

Директна дискриминација постои кога едно лице е третирано помалку поволно врз основа на „заштитена основа". Помалку поволен третман се утврдува преку споредба на наводната жртва и друго лице, кое не ги поседува заштитените карактеристики, во слична ситуација (EU & CoE, 2018: 43). Индиректна дискриминација постои тогаш кога навидум неутрално правило става во неповолна положба лице или група лица што имаат исти карактеристики. При докажувањето на овој вид дискриминација мора да биде докажано дека постои неповолна положба при споредба со друга група (EU & CoE, 2018: 51).

Законот ги дефинира и повикувањето, поттикнувањето и инструкцијата за дискриминација; потоа вознемирувањето; виктимизацијата; сегрегацијата; како и потешките облици на дискриминација (повеќекратна дискриминација, интерсекциска дискриминација, повторена дискриминација и продолжена дискриминација).

Во истражувањето од 2016 година, објавено од ЛГБТИ Центарот, 39 % од испитаниците посочиле дека биле дискриминирани при користењето права од социјалната заштита (социјална превенција, здравствена заштита, социјална парична помош, право на социјално домување, еднократна парична помош или материјална помош). Од нив, 74,6 % одговориле дека не ја пријавиле дискриминацијата. Како најчеста причина за ова е посочена недовербата во институциите, но и стравот од штетни последици (Анализа ЛГБТИ Центар, 2015: 13–14).

Во нашето истражување, 34,38 % од испитаниците одговориле дека биле дискриминирани како резултат на нивната сексуална ориентација или родовиот идентитет, пред сè, посочувајќи го работното место како место каде што се случила дискриминацијата (Графички приказ бр. 15).

Графички приказ бр. 15

**Дали сте биле дискриминирани поради Вашата сексуална ориентација или родовиот идентитет? (во проценти)**



Од нив, 76 % одговориле дека и покрај што ја препознале дискриминацијата, решиле да не ја пријават. Како причини што ги посочиле се недовербата во државните институции и непостоењето институција каде што би можеле да пријават (кога се случила дискриминацијата), но и стравот од последиците (односно да не биде откриена нивната сексуална ориентација или родовиот идентитет).

Со Законот за спречување и заштита од дискриминација е предвидена, а и е формирана Комисија за спречување и заштита од дискриминација, која претставува самостоен и независен орган, пред која може да поднесе претставка секое лице што смета дека претрпело дискриминација. Оние испитаници што сепак ја пријавиле дискриминацијата (24 %), тоа го направиле во невладина организација (44,44 %); Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (33,33 %); Народниот правобранител (22,22 %) или се обратиле кај адвокат (11,11 %). По пријавувањето, 77,78 % посочиле дека нивниот случај не бил решен.

Освен за своето лично искуство во однос на насилството и дискриминацијата, како и контактите со државните органи и невладините организации при пријавувањето некои од посочените акти, испитаниците беа прашани и за нивното мислење околу заштитата и реакцијата на институциите во случаи на дискриминација и насилство врз ЛГБТИ+ луѓето (Графички приказ бр. 16) и чувството на заштита од страна на полицијата и правосудните органи (Графички приказ бр. 17).

Во првиот случај, незадоволството од заштитата и реакцијата на институциите било посочено од 78,13 % од испитаниците (Графички приказ бр. 16).

Како најчести причини за тоа се предрасудите што сè уште постојат во институциите, а се однесуваат на ЛГБТИ+ лицата; понатаму фактот што речиси и да нема успешно завршени случаи што се однесуваат на санкционирање во случаи на дискриминација на ЛГБТИ+ лица; тоа што честопати институциите и сами придонесуваат за дополнително влошување на положбата во која се наоѓаат ЛГБТИ+ лицата; поради корупцијата во институциите; непостоењето системски решенија за ваквите проблеми и слично.

Графички приказ бр. 16

**Како ЛГБТИ+ лице, дали сте задоволни од заштитата и реакцијата на институциите во случаи на дискриминација и насилство врз ЛГБТИ+ луѓето? (во проценти)**



Во вториот случај, односно чувството на заштита од страна на полицијата и правосудните органи не постои кај 89,06 % од испитаниците (Графички приказ бр. 17). Зошто? Затоа што испитаниците сметаат дека и во овие државни органи постојат многу предрасуди поврзани со ЛГБТИ+ лицата, но и со хомофобијата и трансфобијата.

– „Не, затоа што за законите не сме видливи, нема посебни мерки за заштита."

– „Не, не им верувам во нивната професионалност, кога и да пријавиме нешто, ништо не се случува."

Графички приказ бр. 17

**Дали како ЛГБТИ+ лице се чувствувате доволно заштитени од полицијата и правосудните органи? (во проценти)**



# ПРАВНА ЗАШТИТА НА ЛГБТИ+ ЗАЕДНИЦАТА И ДОВЕРБА ВО ИНСТИТУЦИИТЕ

## 1. ПРАВНА ЗАШТИТА НА ЛГБТИ+ ЛИЦАТА

Во првиот дел од четвртата група прашања, испитаниците беа прашани околу нивните права и случаите кога некое од нив не им било почитувано врз основа на нивната сексуална ориентација или родовиот идентитет, на што 30,91 % одговориле потврдно.

Испитаниците на кои не им биле почитувани правата посочиле дека за разлика од другите граѓани, поради нивната сексуална ориентација или родовиот идентитет тие не може да склучат брак со своите партнери или партнерки, некои од нив не се унапредени на работните места, честопати се жртви на различни видови вознемирување, а институциите не преземаат никакви дејства за да го спречат тоа или да ги унапредат нивните права.

Графички приказ бр. 18
**Дали се случило да не Ви се почитувани Вашите права врз основа на сексуална ориентација или родов идентитет? (во проценти)**




Од тие што посочиле дека не им биле почитувани правата поради нивната сексуална ориентација или родовиот идентитет, дури 84,21 % решиле да не го пријават случајот. Како најчести причини што ги посочиле се недовербата во институциите и хомофобијата и трансфобијата, кои се во голема мера присутни во институциите каде што би требало да се обратат.

Оние што иницирале постапка (15,79 %), неа ја иницирале пред судовите (40 %) и само во еден случај добиле позитивен исход од постапката.

# 2. ДОВЕРБА ВО ИНСТИТУЦИИТЕ И ПРАВНА ПОМОШ

Недостигот на реакција или неадекватното постапување во случаите на дискриминација или насилно однесување спрема ЛГБТИ+ лицата создава и ја одржува на високо ниво недовербата во овие институции (SOC, 2017: 39).

Поврзано со третиот дел, целта на прашањето број 34 беше од испитаниците да добие информација околу нивото на доверба што го имаат во државните институции, иако уште во неколку други претходни прашања беше посочено дека таа речиси и да не постои.

Така, во овој случај, 92,73 % од испитаниците посочиле дека немаат доверба во државните институции.

Графички приказ бр. 19
**Како ЛГБТИ+ лице, дали имате доверба во државните институции? во проценти)**




Оние што одговориле дека немаат доверба во институциите, како причини ги посочиле следниве:

- поради што сметаат дека нема да ја добијат потребната заштита – 74,51 %;

- поради хомофобија/трансфобија – 72,55 %;

- поради недоволна сензибилизираност на државните службеници за работа со ЛГБТИ+ лица – 68,63 %.

Во однос на правната помош што им била потребна на ЛГБТИ+ лицата, 18,18 % од нив се нашле во ситуација кога ја побарале (Графички приказ бр. 20) и ја добиле од страна на адвокат (30 %), невладина организација (30 %) и подрачно одделение на Министерството за правда (10 %), а 40 % од нив правната помош ја добиле бесплатно.

Графички приказ бр. 20

**Дали во последната година како ЛГБТИ+ лице Ви била потребна каква и да е правна помош? (во проценти)**




Во истражувањето, испитаниците посочиле дека она што им е важно во пристапот до правна помош и правна заштита на ЛГБТИ+ лицата се транспарентноста на институциите и нивната еднаквост со сите други граѓани; државните институции да не бидат хомофобични и трансфобични, да немаат предрасуди кон ЛГБТИ+ лицата, да не ги дискриминираат; правната помош да биде достапна и да ја добиваат од лица што се сензибилизирани за работа со ЛГБТИ+ лица.

# *МЕДИЦИНСКА ЗАШТИТА НА ФИЗИЧКОТО И МЕНТАЛНОТО ЗДРАВЈЕ*

## 1. МЕДИЦИНСКА ЗАШТИТА НА ФИЗИЧКОТО ЗДРАВЈЕ

Во однос на медицинската заштита, испитаниците беа прашани дали во последната година имале потреба од какви и да било медицински услуги. Од нив, 43,40 % имале потреба (Графички приказ бр. 21), по што 84 % без проблем ги добиле.

Графички приказ бр. 21
**Дали во последната година како ЛГБТИ+ лице се користеле какви и да било медицински услуги? (во проценти)**




Сепак, 16 % посочиле дека не ги добиле медицинските услуги, објаснувајќи дека честопати поради својата сексуална ориентација или родовиот идентитет немаат доверба да споделат информации со медицинските лица или медицинските лица се однесувале на неприфатлив начин кон нив како пациенти.

Понатаму, во 16,67 % од случаите (Графички приказ бр. 22), испитаниците како ЛГБТИ+ лица имале тешкотии во добивањето на медицинските услуги, објаснувајќи дека тоа било резултат на однесувањето на медицинските лица, односно тие им давале коментари за нивниот сексуален живот или се однесувале дискриминирачки.

– „Генерално е ок, но најчесто било со непријатни погледи и прашања.“

– „Сум немала проблеми, бидејќи не го знаат мојот родов идентитет, ако треба да ја играм улогата на жена која треба да раѓа за нив, ја играм таа улога.“

– „Сум имал непријатни прашања за мојата сексуалност, кои не биле поврзани со мојата здравствена состојба, ама сум ги добивал услугите.“

Графички приказ бр. 22

**Дали како ЛГБТИ+ лице сте наишле на тешкотии во користењето медицински услуги и грижа? (во проценти)**




Во рамките на овој дел, кој се однесуваше на пристапот до медицински услуги, испитаниците одговараа и на отворено прашање за тоа што им е важно во однос на пристапот до медицински услуги и грижа, каде што посочија дека им е важно да бидат еднакви со сите други граѓаните; да не бидат дискриминирани од страна на медицинскиот персонал; да се чувствуваат безбедно при комуникацијата со медицинскиот персонал; персонал што е сензибилизиран да работи со ЛГБТИ+ лица; доверливост и почитување на правото на приватност без коментари и осудување; професионалност и достапност.

## 2. ПСИХОТЕРАПЕВТСКИ И СОВЕТОДАВНИ УСЛУГИ

Секојдневните проблеми со кои се соочуваат ЛГБТИ+ лицата, фактот што во општествената заедница и микросредината голем број лица не се прифатени или не може слободно да го изразат својот идентитет, може негативно да влијаат врз психичкото здравје на ЛГБТИ+ лицата (SOC, 2017).

Во однос на психотерапевтските или советодавните услуги, испитаниците беа прашани дали во последната година имале потреба од какви и да било медицински услуги. Од нив, 41,18 % имале потреба (Графички приказ бр. 23), по што 82,61 % без проблем ги добиле.
Сепак, 9,80 % од испитаниците имале потреба од ваков тип услуги, но не ги користеле, одговарајќи дека недовербата (поради сексуалната ориентација/родовиот идентитет) во професионалците од кои би требало да ги добијат овие услуги е главната причина поради која не ги побарале.

Графички приказ бр. 23

**Дали како ЛГБТИ+ лице во последната година сте користеле или користите одредени психотерапевтски или советодавни услуги поврзани со Вашето ментално здравје? (во проценти)**




Најчестите последици од хомофобијата и трансфобијата се поврзани со ефекти како што се „затворање“ и/или самоизолација (на пр. социјални контакти само со блиски лица, движење на познат и сигурен простор, избегнување социјални и културни настани), интернализирана хомофобија и слично. Овие последици и ефекти може да бидат и потешки и да се појават во форма на анксиозност, депресија, нарушувања во исхраната, суицидални мисли и други облици (Goodwin, 2014).

Во рамките на овој дел, кој се однесуваше на пристапот до психотерапевтски или советодавни услуги, испитаниците одговараа и на отворено прашање за тоа што им е важно во однос на пристапот до медицински услуги и грижа, каде што посочија дека важно им е психотерапевтите да бидат толерантни и со разбирање, без да ги осудуваат за нивната сексуална ориентација; понатаму, да постојат психотерапевти што се специјализирани за работа со ЛГБТИ+ лица, за специфичноста на проблемите со кои се соочуваат овие лица поради можното неприфаќање и/или отфрлање од семејството и општеството; професионални психотерапевти што се без предрасуди и кои не се хомофобични; достапни и доверливи психотерапевтски услуги; ако постои можност, и бесплатни услуги од ваков тип за ЛГБТИ+ лица што не може да си ги дозволат.

Поврзани со психотерапевтските и советодавни услуги се наредните две прашања, кои од испитаниците бараа да посочат дали во РСМ постојат доволно посебни центри, односно организации што нудат услуги поврзани со менталното здравје на ЛГБТИ+ лицата (Графички приказ бр. 24) и дали користеле услуги од таков вид центри или организации (Графички приказ бр. 25).

Графички приказ бр. 24

**Дали сметате дека има доволно посебни центри, односно организации што нудат услуги поврзани со менталното здравје на ЛГБТИ+ лицата? (во проценти)**




Во однос на првото прашање, 68,52 % од испитаниците сметаат дека таков вид центри или организации не се доволни (Графички приказ бр. 24), додека, пак, 93,75 % одговориле дека иако постојат такви центри, не користеле услуги, посочувајќи дека немаат доволни информации како да ги добијат услугите; немаат доверба во психотерапевтите; сметаат дека како ЛГБТИ+ лица е тешко да го криеш својот идентитет, а да користиш услуги што се токму за ЛГБТИ+ лица (Графички приказ бр. 25).

Графички приказ бр. 25

**Дали сте користеле услуги од посебни центри, односно организации што нудат услуги поврзани со менталното здравје на ЛГБТИ+ лицата? (во проценти)**



# *СОЦИО-КУЛТУРЕН ЖИВОТ*

## 1. СОЦИЈАЛНИ И КУЛТУРНИ НАСТАНИ ПОВРЗАНИ СО ЛГБТИ+ ЗАЕДНИЦАТА

Шестата група прашања во анкетниот прашалник се однесува на социо-културниот живот на ЛГБТИ+ заедницата, како важен сегмент од целокупниот живот на една индивидуа.
Сепак, 60,38 % (Графички приказ бр. 26) сметаат дека културните институции и настани што тие ги организираат не се доволни или воопшто не ја вклучуваат ЛГБТИ+ заедницата, а оние што се однесуваат на ЛГБТИ+ луѓето се организирани од невладини организации.

Графички приказ бр. 26
**Дали културните институции и настани во нашата земја се доволно инклузивни и ги вклучуваат ЛГБТИ+ луѓето? (во проценти)**




Во контекст на ова прашање се и одговорите во однос на вклученоста на ЛГБТИ+ луѓето во мејнстрим медиумите и популарната култура, каде што 84,91 % одговориле дека таква вклученост не постои.

– „Нема вклученост, ако заедницата не направи нешто сама, тогаш ништо."

– „Нема, тоа се само настани организирани од заедницата."

– „Не се инклузивни, културни настани за ЛГБТИ луѓе произлегуваат од НВО секторот што работат на овие прашања; ако рандом геј уметник ќе сака да направи изложба во која и да било културна институција, нема да е добро примен."

Повеќе од 2/3 од испитаниците (69,81 %) во последната година присуствувале на одреден настан или активности поврзани со ЛГБТИ+ луѓето, посочувајќи дека тоа се Скопје прајд, Пич Прич, Скопје прајд викенд, други ЛГБТИ+ забави организирани во Комитет, МКЦ, МСУ или на други места од организации што работат на ЛГБТИ+. Она што е забележливо е дека сите настани се организираат во главниот град, додека, пак, вакви настани не постојат во другите поголеми градови.

Графички приказ бр. 27

**Дали во последната година сте присуствувале на настан или активности поврзани со ЛГБТИ+ луѓето? (во проценти)**




Во контекст на овие одговори се и тие на прашањето поврзано со потребата од одржување специфични настани поврзани со ЛГБТИ+ теми, за кои 66,04 % од испитаниците сметаат дека се потребни.

Понатаму, на над 60 % од испитаниците (60,38 %) им е многу важно постоењето и одржувањето посебни социо-културни настани што ќе се однесуваат на ЛГБТИ+ луѓето и ќе ја опфаќаат квир-културата (Графички приказ бр. 27).

Графички приказ бр. 28

**Колку Ви е важно да се организираат посебни социо-културни настани? (во проценти)**



Затоа е потребно да се организираат настани во колку што е можно повеќе градови; дел од настаните да бидат од помал обем, од социјален карактер, настани што ќе овозможуваат повеќе видливост на ЛГБТИ+ заедницата. И тоа, најдобро би било да бидат организирани на места каде што ЛГБТИ+ луѓето ќе може слободно да го изразат својот квир-идентитет (91,67 %).

– „Да, затоа што се потребни сигурни простори каде заедницата ќе се чувствува безбедно, ќе може луѓето да се дружат со луѓе кои ги разбираат, дури и кога не се аутирани, сепак е добро да се има контакт со некој кој ги разбира нашите потреби.“

– „Апсолутно, особено јавниот простор кој е хетеро доминантен, и тоа не само јавен простор само за да се држиме за рака, туку и простор за социјализација и дружба.“

– „Скопје има неколку, другите градови не; потребни се повеќе, за да можеме да се чувствуваме свои.“

– „Во Скопје во последните години се појавуваат одредени места кои се пријателски расположени кон квир-културата, но за разлика од други земји, кај нас нема доволно простори.“

– „Воопшто не се доволни, бројот се зголемува, ама е далеку од постоење, иако треба сите локали да се геј-френдли.“

# ГРАЃАНСКИ СЕКТОР

## 1. ОДЛУКИ И ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

Важен сегмент од носењето одлуки што се клучни за одредена општествена група е вклученоста на таа група во процесот на креирањето политики и носењето одлуки.

Во нашето истражување, на прашањето во однос на вклученоста на ЛГБТИ+ луѓето во носењето одлуки на локално и на национално ниво, 88,24 % од испитаниците одговориле дека ЛГБТИ+ луѓето не се доволно вклучени во тој процес (Графички приказ бр. 29). Притоа, како најчести причини што ги посочија се дискриминацијата, но и фактот што многу ЛГБТИ+ луѓе не се идентификуваат јавно. Исто така, како проблем е посочено и големото влијание на антиродовите движења и десните политички партии, кои дополнително го комплицираат овој процес.

Графички приказ бр. 29
**Дали ЛГБТИ+ луѓето се доволно вклучени во носењето одлуки на локално и/или на национално ниво? (во проценти)**




– „Од позиција на носење одлуки немаме доволно ЛГБТИ луѓе, затоа што само така ќе може да се креираат јавни политики и одлуки кои ќе одговараат на потребите на заедницата.“

- „Имаме некое ниво, но постои уназадување, дури ќе биде и поголемо, во одредени општини се повлекуваат концептите за родова еднаквост и тоа без консултации со НВО секторот.“

- На локално ниво не сме, но на национално имаме одредено учество – на пример, имаме интергрупа преку која ние зборуваме, но тие луѓе кои се во групата не се многу слушнати од своите колеги во Собранието.“

- „Не сме вклучени, затоа што ниту еден политичар не е аутиран ЛГБТИ; се прават обиди преку интерпартиската група, преку нив се прават обиди за законите да се инклузивни за ЛГБТИ луѓето.“

- „Воопшто не е вклучена на локално, на национално правиме обиди да делуваме на донесување одлуки, но самата заедница во некоја друга поорганизирана форма не е призната.“

- „Ако не се граѓанските организации, требаше уште одамна да се иселиме како ЛГБТИ лица од оваа земја.“

Со него е поврзано и наредното прашање, во кое испитаниците треба да посочат дали и кои се правата поврзани со ЛГБТИ+ заедницата што државата не ги почитува. Имено, 84,31 % од нив одговориле дека државата не ги почитува правата на ЛГБТИ+ луѓето, притоа споменувајќи ги сите права што ги уживаат другите лица, како што се правото да склучат брак, правата поврзани околу наследување, можностите за бесплатно вештачко оплодување, посвојувањето деца. Поради тоа што граѓанските организации со години работат на промовирање на правата на ЛГБТИ+ заедницата, подобрување на нејзината општествена положба, почитување и нејзина заштита, промени во правната регулатива и слично, испитаниците требаше да одговорат на две прашања поврзани со нивното лично мислење околу важноста на граѓанските организации што работат на прашања поврзани со ЛГБТИ+ луѓето.

Во првото од нив требаше да оценат колку им се важни таквите граѓански организации, каде што за 72,92 % овие организации се многу важни (Графички приказ бр. 30).

Графички приказ бр. 30

**Колку за Вас, како ЛГБТИ+ лице, се важни граѓанските организации што работат на прашањата поврзани со ЛГБТИ+ луѓето? (во проценти)**



Второто прашање поврзано со работата на граѓанските организации беше отворено прашање, каде што испитаниците посочија дека им е важно граѓанските организации да продолжат со работата за промоција на правата на ЛГБТИ+ заедницата; да се фокусираат на клучните потреби и промени; да ги прошират своите активности и во другите градови, не само во главниот град; да бидат достапни за сите ЛГБТИ+ лица; да помагаат на ЛГБТИ+ лица што останале без дом, помош итн.

## *ИСТОПОЛОВИ ЗАЕДНИЦИ*

Шестиот дел од прашањата се однесуваше истополовите заедници, односно во еден дел поврзани со моменталната емотивна врска и потребата од постоење можност за нејзино правно признавање во иднина, додека, пак, во другиот, со мислењето околу правното регулирање на истополовите заедници.

Постојното законодавство во Република Северна Македонија не препознава ниту еден начин за признавање и правна заштита на истополовите заедници. Како последица на тоа, ЛГБТИ+ лицата што се во долготрајна и стабилна емотивна врска не може да ги уживаат истите права како хетеросексуалните партнери.

Како резултат на таа состојба, прашањата беа насочени кон тоа кој облик на правно признавање на истополовите партнерства е најсоодветен во Република Северна Македонија.

Имено, 58,82 % од испитаниците одговориле дека се во трајна стабилна емотивна врска, а 43,90 % од нив веќе живеат заедно со својот/својата партнер/-ка, додека, пак, 31,71 % планираат тоа да го направат во наредниот период.

Во контекст на претходните прашања се и следните три, а се однесуваат на личниот избор да се биде во правно регулирана заедница и на мислењето дали е потребно правно признавање на истополовите заедници.

Графички приказ бр. 31
**Дали би биле во цивилно партнерство со Вашиот/Вашата партнер/-ка доколку тоа би било дозволено во Република Северна Македонија? (во проценти)**



Графички приказ бр. 32

**Дали би склучиле брак со Вашиот/Вашата партнер/-ка доколку тоа би било дозволено во Република Северна Македонија? (во проценти)**




Во однос на прашањата поврзани со личниот избор и потребата да се биде во цивилно партнерство, односно брачна заедница со партнерот/-ката, 70,59 % од испитаниците одговориле дека би биле во цивилно партнерство (Графички приказ бр. 31), односно 68,63 % би склучиле брачна заедница со својот/својата партнер/-ка (Графички приказ бр. 32) доколку тие би биле дозволени во Република Северна Македонија.

Понатаму, 98,04 % од испитаниците сметаат дека е потребно да се најде начин со цел правно да бидат регулирани истополовите заедници во Република Северна Македонија.

– „Која и да било заедница, важно е од некаде да се почне, битно е да може да се наследи имот од партнер, да се оди на посета во болница, односно партнерот/-ката да е признат како significant other. Јас би склучила веднаш партнерство во која било форма.“

– „Треба да се најде начин, затоа што треба да постои рамка каде би имале слични права како и хетеро луѓето; битно е каква и да било да имаме правна рамка (не е битно дали е брак или цивилно партнерство).“

– „Апсолутно треба, можеби не брачна заедница, туку некако друг начин кој ќе им дава исти права на партнерите.“

– „Во законот е како да не постојат, ако би можело добро би било да има одреден начин на регулација на истополовите партнерства.“

– „Мораме да ја гледаме реалноста во државата, а и да гледаме што е прифатено во околината, па затоа сметам дека е најдобро да биде цивилно партнерство.“

– „Треба да постои, бидејќи имаме истополови заедници де факто. Она што е најдобро е фактичката еднаквост, меѓутоа во реалноста не може да е така, па можеби под притисок на ЕУ и на тие процеси, прво ќе има признавање на одреден вид заедници.“

– „Треба да се регулираат на некаков начин, не е битно, било која форма.“

– „Да, потребно е, во моментов најдобра форма е партнерството, затоа што ќе им обезбеди права на ЛГБТИ луѓето и во рамките на заедницата со нивните партнери.“

# ТРАНСРОДОВИ ЛИЦА

Сознанието за сопствената автономија е важен принцип што е гарантиран со членот 8 од Европската конвенција за човекови права. Во насока на ова, Европскиот суд за човекови права одлучил дека трансродовите лица имаат право на самоопределување (Van Kück v. Germany (35968/97, 12/06/2003) § 69)) во кое изборот на сопствениот родов идентитет е еден од основните аспекти. Правото на трансродовите лица на личен развој и физичка и морална безбедност е, исто така, гарантирано со членот 8 (Y.Y v. Turkey (14793/08, 10/06/2015) § 58)). Правото на приватен живот го вклучува и родовиот идентитет, како дел од личниот идентитет.

Трансродовоста ги опфаќа сите лица што се чувствуваат или избираат да се претставуваат себеси поинаку од родовите улоги што традиционално им припаѓаат, било преку облеката, однесувањето, говорот, држењето или приспособувањето на нивното тело (Hasanagic et al., 2014: 19).

Дискриминацијата заснована врз „родов идентитет“ произлегува од „традиционалните општествени перцепции и законски услови поврзани со фактот да се биде трансродово лице“. Постојат две правни прашања поврзани со дискриминацијата врз основа на родов идентитет: промена на полот; и правно признавање на родот што на трансродовото лице му овозможува да живее во согласност со избраниот родов идентитет (FRA, 2015: 15).

Во повеќе случаи, Судот повторил дека различното третирање на индивидуите врз основа на родов идентитет и сексуална ориентација претставува сериозно прашање (X and Others v. Austria (19010/07, 19/02/2013) § 99)). Различното постапување, без објективно и разумно оправдување, на лица во релевантно слични ситуации го опфаќа дискриминаторското постапување.

Во Република Северна Македонија, и покрај пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот X v. the former Yugoslav Republic of Macedonia (ECHR, 29683/16, 17/01/2019), сè уште нема законска регулатива за правно признавање на родот. Законот за матичната евиденција беше повлечен од собраниска процедура, со изговор дека е потребна негова доработка.

Правното признавање на родот е клучниот елемент за почитување на правата на трансродовите лица и нивното нормално секојдневно функционирање, без дискриминација и насилство, ограничување на пристапот до добра и услуги, а најважно, и вистинска рефлексија на нивниот родов идентитет (Бошкова и Раиден, 2017: 6).

Последниот, деветти дел од анализата на потребите на ЛГБТИ+ луѓето во Република Северна Македонија беше наменет за трансродовите лица и содржеше прашања поврзани со личните планови за приспособување на полот на родовиот идентитет, за безбедноста и ризикот како трансродово лице, процесот на транзиција и промената на личните документи.

Во овој дел одговориле само две трансродови лица, кои посочиле дека планираат медицински да го приспособат својот пол на родовиот идентитет и дека во моментов се во процес на транзиција.

Потоа, посочиле дека имале проблеми со личните документи затоа што ознаката за нивниот пол не одговара на нивниот родов идентитет и дека, доколку е можно тоа, би ги промениле документите.

Во однос на безбедноста, посочиле дека им се случило да им се заканувaат, доживеале физичко и психичко насилство, добивале коментари и биле жртви на вербални трансфобични напади.

# ЗАКЛУЧОК

ЛГБТИ+ лицата во Република Северна Македонија сè уште не може целосно да ги уживаат правата и слободите поради нивната сексуална ориентација и/или родовиот идентитет. Речиси сите припадници на оваа маргинализирана група немаат никаква доверба во државните институции, ниту, пак, веруваат дека институциите може да ги заштитат нивните права.

Значителен дел од нив се соочуваат со предизвици поврзани со домувањето и финансиите, честопати потпирајќи се на членовите на семејството или на цимерите со кои го делат домот. Дискриминацијата на работното место и предизвиците во процесот на наоѓање работа на овие лица сè уште постојат, што укажува на потребата од соодветно имплементирање на мерките за превенција и заштита од дискриминација.

Најголем број од припадниците на ЛГБТИ+ заедницата се загрижени за својата безбедност, а најмалку безбедно се чувствуваат во полициските станици, јавниот превоз и јавните места и површини. Значаен дел од испитаниците се соочиле со насилство и дискриминација поради нивната сексуална ориентација или родовиот идентитет, но најголем дел од нив одлучиле насилството да не го пријават поради високото ниво на недоверба во институциите.

Недостигот на доверба во државните институции во најголем дел се должи на предрасудите кај лицата вработени во институциите, големиот степен на хомофобија и трансфобија меѓу нив, како и нивната несензибилизираност во пристапот спрема ЛГБТИ+ лицата. Најголем дел од испитаниците сметаат дека нивните права не се почитувани и заштитени од страна на државата. Пристапот до здравствена заштита, како и психотерапевтски услуги понекогаш е ограничен за ЛГБТИ+ лицата поради нивниот предизвик да ја откријат сексуалната ориентација или родовиот идентитет. Инклузивноста во културните настани и мејнстрим медиумите е недоволна, а тоа влијае врз видливоста и прифаќањето на ЛГБТИ+ заедницата.

Покрај тоа, голем број испитаници веруваат дека ЛГБТИ+ луѓето недоволно се вклучени во процесите на донесување одлуки на локално и на национално ниво, пред сè, поради дискриминацијата што ја трпат, немањето простор јавно да се идентификуваат како ЛГБТИ+ лица и силното влијание на антиродовите движења во општеството. Поради тоа, ЛГБТИ+ лицата ги препознаваат граѓанските организации како клучни чинители во процесот на застапување за правата на оваа маргинализирана група и посочуваат дека нивото работење треба да продолжи во таа насока, но со уште поширок опфат на дејствување.

Дополнително, речиси сите испитаници сметаат дека е потребно да се изнајде начин истополовите заедници да бидат регулирани правно, што упатува на потребата од донесување законски измени што ќе обезбедат еднакви права на ЛГБТИ+ лицата со останатите лица. Од друга страна, трансродовите индивидуи се соочуваат со уникатни предизвици за нив, поради што е потребно дополнителна поддршка приспособена на нивните специфични потреби, како што е правното признавање на родот.

Оваа анализа укажува на важноста и итната потреба од сеопфатни правни реформи и нивна примена за унапредување и заштита на правата на ЛГБТИ+ лицата во РСМ, како и соодветна примена на мерките за превенција и заштита од дискриминација. Дополнително, потребно е да се креираат и да се спроведат иницијативи за едукација, сензибилизирање и подигнување на свеста кај граѓаните, вклучително и клучните чинители, како што се државните институции, сè со цел создавање безбедни простори и надминување на проблемите и предизвиците со кои се соочуваат ЛГБТИ+ лицата, а и со цел да има поинклузивно и прифатливо општество за сите лица, без оглед на нивната сексуалната ориентација и/или родовиот идентитет.

# *ПРЕПОРАКИ*

## 1. ДОМУВАЊЕ И ФИНАНСИИ/РАБОТА

• Воспоставување интерни механизми од страна на јавниот и приватниот сектор за примена на мерките за спречување и заштита од дискриминација на работните места кон ЛГБТИ+ лицата со цел создавање инклузивни работни средини.

## 2. ЛИЧНА БЕЗБЕДНОСТ И НАСИЛСТВО

• Креирање и имплементирање кампањи и едукативни иницијативи од страна на институциите и граѓанскиот сектор за зголемување на свеста за ранливоста, потребите и правата на ЛГБТИ+ лицата во општеството, со цел создавање безбедни простори за нив;
• Спроведување ефикасни и делотворни истраги и судски постапки од страна на државните институции и правосудството во случаи иницирани од омраза врз основа на сексуална ориентација и/или родов идентитет;
• Да се продолжи со организирање обуки за сензибилизирање на лицата вработени во Министерството за внатрешни работи и правосудството, кои имаат примарна обврска да ги заштитат правата на ЛГБТИ+ лицата и да ги процесираат случаите на омраза врз основа на сексуална ориентација и/или родов идентитет;
• Давање поддршка на ЛГБТИ+ лицата што се жртви на закани и навреди од страна на претставници на антиродовите движења.

## 3. ПРАВНА ЗАШТИТА НА ЛГБТИ+ ЗАЕДНИЦАТА И ДОВЕРБА ВО ИНСТИТУЦИИТЕ

• Спроведување кампањи и иницијативи од страна на државните институции и граѓанскиот сектор со цел граѓаните да осознаат дека нема никакви пречки ЛГБТИ+ лицата да ги уживаат правата што им се загарантирани и да ги стекнат оние права што веќе им припаѓаат на некои други категории лица;
• Да се донесат правни реформи со кои ќе се регулира граѓанското партнерство (вонбрачната заедница) помеѓу партнери од ист пол и ќе се донесат/изменат законски прописи со кои ќе се регулираат правата на истополовите партнери;
• Да се донесат правни реформи со кои ќе се овозможи лица од ист пол да склучат брак.

## 4. МЕДИЦИНСКА ЗАШТИТА НА ФИЗИЧКОТО И МЕНТАЛНОТО ЗДРАВЈЕ

• Сензибилизирање на здравствените работници за правата и потребите на ЛГБТИ+ лицата со цел нивен непречен пристап до здравствена заштита;
• Креирање програми и центри за поддршка на менталното здравје на ЛГБТИ+ лицата, кои ќе бидат посебно наменети за нивните потреби и ќе бидат обезбедени од професионалци сензибилизирани за работа со оваа категорија лица;
• Иницирање кампањи за подигнување на свеста кај ЛГБТИ+ лицата и нивно охрабрување да побараат стручна поддршка од психотерапевти и соодветно информирање за психотерапевтските сервиси што им се на располагање.

**5.СОЦИО-КУЛТУРЕН ЖИВОТ**

• Поддржување и финансирање културни настани што активно ја вклучуваат ЛГБТИ+ заедницата на целата територија на државата, не вклучувајќи го само Скопје како главен град;
• Залагање за поголемо вклучување на ЛГБТИ+ лицата во мејнстрим медиумите и популарната култура со цел зголемување на нивната видливост и можност за јавно идентификување;
• Промовирање социо-културни настани што се фокусираат на темите за ЛГБТИ+ и даваат простор за отворен дијалог и изразување.

**6. ГРАЃАНСКИ СЕКТОР**

• Овозможување вклученост на ЛГБТИ+ лицата во донесувањето одлуки на локално и на национално ниво и нивно учество во процесите на застапување;
• Зајакнување на граѓанските организации што се застапуваат за прашањата поврзани со ЛГБТИ+ и нивна поддршка и финансирање со цел обезбедување одржливост во нивното работење.

**7. ТРАНСРОДОВИ ЛИЦА**

• Спроведување сеопфатна кампања од страна на Министерството за правда и граѓанските организации, која ќе даде точни и вистинити информации за Законот за правно признавање на родот, со цел да не биде оставен простор за различни толкувања и да се одговори на различните дезинформации што може да се најдат во јавниот простор;
• Изготвување предлог на Законот за правно признавање на родот од страна на Министерството за правда со вклученост на граѓанскиот сектор и негово донесување од страна на Собранието на РСМ.

# Б И Б Л И О Г Р А Ф И Ј А


1. Badgett, M.V.L. et al. (2019). The relationship between LGBT inclusion and economic development: Macro-level evidence. World Development. Vol.120: 1-14;

2. Council of Europe. (2021). Protecting LGBTI people in the context of rising anti-LGBTI hate;

3. Coundil of Europe. (2021). Combating rising hate against LGBTI people in Europe;

4. DCAF. (2023). Cyber Violence against Women and Girls in the Western Balkans: Selected Case Studies and a Cybersecurity Governance Approach;

5. Hasanagic, J. et al. (2014). Research on Problems and Needs of the LGBT Community in Serbia. Labris;

6. ILGA Europe. (2023). Annual Review of the Human Rights Situation of LGBTI People in Europe and Central Asia;

7. Kalton, G., & Anderson, D. (1986). Sampling Rare Populations. Journal of the Royal Statistical Society, 149, 65-82;

8. Sarajevski Otvoreni Centar. (2017). Brojevi koji ravnopravnost znace 2. Analiza rezultata istrazivanja problema I potreba LGBTI osoba u Bosni I Hercegovini u 2017. Godini. Sarajevo;

9. Stulhofer, A., & Sandfort, T. (2005). Sexuality and gender in Postcommunist Eastern Europe and Russia. Psychology Press;

10. Swimelar, S. (2018). Nationalism and Europeanization in LGBT Rights and Politics: A Comparative Study of Croatia and Serbia. East European Politics and Societies and Cultures. Vol.33 (3): 603-630;
11. Thiel, M. (2022). The European Union's International Promotion of LGBTI Rights: Promises and Pitfalls. Routledge;

12. Valfort, M.A. (2017). LGBTI in OECD Countries. OECD;

13. World Bank Group. (2023). The economic cost of exclusion: Based on Sexual Orientation, Gender Identity and Expression, and Sex Characteristics in the Labor Market in the Republic of North Macedonia.

14. World Banka Group (2023). Life on the Margins: Survey Results of the Experiences of LGBTI People in Southeastern Europe. World Bank;

15. X v. the former Yugoslav Republic of Macedonia (ECHR, 29683/16, 17/01/2019);

16. Бошкова, Н. и Раиден, И. (2017). Анализа на позитивни практики за правно признавање на родот;

17. Закон за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 258/20);

18. Закон за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство („Сл. весник на РСМ“ бр. 24/2021);

19. Кривичен законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17 и 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 36/23 и 188/23);

20. Станојоска, А. и Аслимоски, П. (2019). Криминологија. Правен факултет, Битола;

21. Субверзивен фронт. (2017). Без закони, сè е џабе – Потребите на ЛГБТ заедницата во Македонија. Скопје;

22. Хелсиншки комитет за човекови права на РСМ. (2016). Анализа на проблемите и потребите на ЛГБТИ луѓето во Република Северна Македонија. ЛГБТИ Центар;

23. Цветковиќ, И. и Величковска, М. (2022). Кој се плаши од родот?, Коалиција МАРГИНИ Скопје.

# *ПРИЛОГ БР.1*

**АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК**

Истражување за анализа на потребите и приоритетите на ЛГБТИ+ луѓето во Република Северна Македонија

Целта на истражувањето е точно да се утврди кои се приоритетите и најитните потреби на ЛГБТИ+ луѓето во Република Северна Македонија.

Прашањата во анкетниот прашалник се однесуваат на Вашите потреби и приоритети во различни сфери од општествениот живот, како и за Вашето лично искуство и мислење.

Вашето учество е доброволно и вклучува пополнување анкетен прашалник, за што ќе ви бидат потребни околу 20 минути. Имате право да изберете да не учествувате или да се повлечете од истражувањето. Учеството во истражувањето е анонимно и на анкетните прашалници нема да стојат лични имиња, ниту, пак, друг вид лични податоци.

Можните ризици или чувството на некомфорност се минимални. Може на одредени прашања да се чувствувате непријатно или засрамено, затоа што може да ги доживувате како многу лични.

Преку одговарањето на прашањата од анкетниот прашалник ќе ни помогнете да добиеме информации за приоритетите и итните потреби на ЛГБТИ+ луѓето во Република Северна Македонија.

Вашите одговори ќе бидат пратени на линк на „SurveyMonkey", каде што податоците ќе бидат чувани во електронски формат заштитен со лозинка. „SurveyMonkey" не собира информации што може да идентификуваат лице, како што се лични имиња, адреса на електронска пошта или IP-адреса. На таков начин, Вашите одговори ќе останат анонимни. Никој нема да може да Ве идентификува Вас или Вашите одговори и никој нема да знае дали сте учествувале или не во истражувањето.

Пристап до Вашите одговори ќе имаме само ние, како истражувачи.

Издавањето на извештајот што ќе биде заснован врз ова истражување ќе користи само податоци што се однесуваат на примерокот и нема да Ве идентификуваат Вас или друга индивидуа како дел од ова истражување. Доколку имате какви било прашања во однос на ова истражување, може да нѐ контактирате на нашите адреси на електронска пошта:
angelina.s25@yahoo.com и dzugumanovaina@gmail.com

**Ви благодариме.**

**Електронска согласност**

Ве молиме изберете една од опциите подолу.

Со избор на одговорот „Се согласувам“, потврдувате дека:

• Сте ги прочитале информациите погоре;

• Доброволно се согласувате да учествувате;

• Имате минимум 18 години.

А) Се согласувам

Б) Не се согласувам

## I. ДЕМОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

1. Во која група од ЛГБТИ+ заедницата се идентификувате? (изберете еден од понудените одговори)

А) Геј

Б) Лезбијка

В) Бисексуално лице

Г) Пансексуално лице

Д) Друго _______________

**2. Кој е Вашиот родов идентитет? (изберете еден од понудените одговори)**

А) Цисродова жена

Б) Цисродов маж

В) Трансродова жена

Г) Трансродов маж

Д) Небинарно лице

Ѓ) Друго _______________

**3. Која е вашата возраст? (изберете еден од понудените одговори)**

А) 18–25

Б) 26–35

В) 36–45

Г) 46–55

Д) 56+

**4. Каде живеете? (изберете еден од понудените одговори, а потоа на празното место внесете го името на Вашето место на живеење)**

А) Урбана средина ____________________ (кој град?)

Б) Рурална средина ___________________ (кое село?)

**5. Која е Вашата етничка припадност? (изберете еден од понудените одговори)**

А) Македонец/-ка

Б) Албанец/-ка

В) Турчин/-ка

Г) Ром/-ка

Д) Влав/-инка

Ѓ) Србин/-ка

Е) Друго ______________________

**6. Кое е Вашето ниво на образование? (изберете еден од понудените одговори)**

А) Без образование

Б) Основно образование

В) Средно образование

Г) Високо образование

Д) Магистерски студии

Ѓ) Докторски студии

Е) Друго _________________________

**7а. Доколку сте без образование, дали причината за тоа е што сте ЛГБТИ+ лице? (изберете еден од понудените одговори)**

А) Да. Ве молиме објаснете _________________________________________________

Б) Не

## II. ДОМУВАЊЕ И ФИНАНСИИ/РАБОТА

**8. Со кого живеете? (изберете еден од понудените одговори)**

А) Со членови на семејство

Б) Со партнер/-ка

В) Со цимер/-ка

Г) Сам/-а/-и

**9. Каде живеете? (изберете еден од понудените одговори)**

А) Во сопствениот дом

Б) Во домот на партнерот/-ката

В) Во домот на родителите

Г) Под кирија

Д) Друго ______________________________

**10. Дали сте вработени? (изберете еден од понудените одговори)**

А) Да, вработен/-а сум на неопределено време

Б) Да, вработен/-а сум на определено време (со договор)

В) Да, работам како хонорарец

Г) Да, работам со договор на дело (не сум пријавен/-а)

Д) Не, не сум вработен/-а во моментов

**11. Доколку сте вработени, дали тоа што сте ЛГБТИ+ лице Ви предизвикува проблеми на работното место? (изберете еден од понудените одговори)**

А) Да. Кои се тие проблеми? ________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________________________

Б) Не, бидејќи моите колеги не знаат за мојата сексуална ориентација/родов идентитет

В) Не, иако моите колеги знаат за мојата сексуална ориентација/родов идентитет

**12. Доколку не сте вработени, дали тоа што сте ЛГБТИ+ лице Ви го отежнува наоѓањето работа? (изберете еден од понудените одговори)**

А) Да. Зошто? ________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________________________

Б) Не

В) Не сум сигурен/-на

**13. Колкави се Вашите просечни месечни приходи? (изберете еден од понудените одговори)**

А) До 21 000 денари

Б) Од 21 001 до 30 000 денари

В) Од 30 001 до 40 000 денари

Г) Од 40 001 до 50 000 денари

Д) Од 50 001 до 60 000 денари

Ѓ) Над 60 000 денари

Е) Немам загарантирани месечни приходи, иако се издржувам самиот/самата

Ж) Не остварувам приходи, ме издржуваат други лица (родители, старатели, партнер/-ка)

З) Друго ____________________________________________

**14. Дали сметате дека Вашата сексуална ориентација или родов идентитет Ви го отежнува кариеното напредување? (изберете еден од понудените одговори)**

А) Да

Б) Не, бидејќи другите не знаат дека сум ЛГБТИ+ лице

В) Не, иако другите знаат дека сум ЛГБТИ+ лице

Г) Не сум сигурен/-на

## III. ЛИЧНА БЕЗБЕДНОСТ И НАСИЛСТВО

**15. Поради Вашата сексуална ориентација и родов идентитет, колку безбедно се чувствувате во следниве случаи. (Ве молиме, на сите места/лица изберете една од понудените опции.)**

* Дефиниција: Безбедноста ја опфаќа и физичката и психичката безбедност, односно да се чувствувате слободни од вознемирување, закани, насилство.

| | Небезбедно најголем дел од времето | Повеќе небезбедно, отколку безбедно | Повеќе безбедно, отколку небезбедно | Безбедно најголем дел од времето | Не е апликабилно |
|---|---|---|---|---|---|
| Во домот каде што живеете | | | | | |
| Со членовите на | | | | | |
| Во соседството каде што живеете | | | | | |
| Со партнерот/ката | | | | | |
| На местото каде што работите | | | | | |
| На училиште/факултет | | | | | |
| Во јавниот транспорт | | | | | |
| На јавен простор (паркови, автобуски постојки, на улица) или на јавни собири | | | | | |
| На места за социјализација (кафе-барови, клубови, ресторани, и слично) | | | | | |
| Во културни установи | | | | | |
| Во здравствени установи | | | | | |
| Во полициска станица | | | | | |
| Во судови | | | | | |

**16. Доколку на кое и да било од погоре наведените места не сте се чувствувале безбедно, Ве молиме објаснете зошто?**

А) во домот каде што живеете (внеси) ______________________________

______________________________

Б) со членовите на семејството (внеси)

______________________________

______________________________

В) во соседството каде што живеете (внеси)

______________________________

______________________________

Г) со партнерот/-ката (внеси)

______________________________

______________________________

Д) на местото каде што работите (внеси)

______________________________

______________________________

Ѓ) на училиште/факултет (внеси)

______________________________

______________________________

Е) во јавниот транспорт (внеси)

______________________________

______________________________

Ж) на јавен простор (паркови) или на јавни собири (внеси)

______________________________

______________________________

З) на места за социјализација (кафе-барови, клубови, ресторани, и слично) (внеси)

______________________________

______________________________

Ѕ) во културни установи (внеси)

______________________________

______________________________

И) во здравствени установи (внеси)

______________________________

______________________________

Ј) во полициска станица (внеси)

______________________________

______________________________

К) во судови (внеси)

______________________________

______________________________

**17. Дали се плашите за сопствената безбедност затоа што сте ЛГБТИ+ лице? (изберете еден од понудените одговори)**

А) Да

Б) Не. Зошто? ______________________________________________________________________
______________________________________________________________________________

**18а. Доколку Вашиот одговор е „Да“, дали поради страв за сопствената безбедност преземате нешто од следново? (изберете, можни се повеќе одговори)**

А) Ја/го криете својата/својот сексуална ориентација/родов идентитет

Б) Избегнувате да излегувате од дома

В) Избегнувате да шетате сами

Г) Избегнувате да шетате во некои делови од градот затоа што ги доживувате како небезбедни за ЛГБТИ+ луѓе

Д) Избегнувате да користите јавен превоз

Ѓ) Друго _______________________________________________

**19. Дали сте доживеале насилство поради тоа што сте ЛГБТИ+ лице? (изберете еден од понудените одговори)**

А) Да

Б) Не

**20а. Доколку сте доживеале насилство, дали сте го пријавиле тоа? (изберете еден од понудените одговори)**

А) Да

Б) Не. Зошто? ____________________________________________

**21а. Доколку сте го пријавиле насилството, каде сте го пријавиле тоа? (изберете, можни се повеќе одговори)**

А) Полиција

Б) Обвинителство

В) Адвокат

Г) Кај училишните/факултетските органи

Д) Невладина организација

Ѓ) Друго ____________________________

**22. Дали Вашиот случај бил решен? (изберете еден од понудените одговори и објаснете)**

А) Да. Како? ______________________________________________

Б) Не. Зошто? ______________________________________________

**23. Дали сте биле дискриминирани поради Вашата сексуална ориентација или родов идентитет? (изберете еден од понудените одговори)**

А) Да, каде и од кого? (објасни) ______________________________________________

Б) Не

**24. Дали ја пријавивте дискриминацијата? (изберете еден од понудените одговори)**

А) Да

Б) Не. Зошто? ______________________________________________
______________________________________________

**25а. Доколку сте ја пријавиле дискриминацијата, кај кого сте го направиле тоа? (изберете, можни се повеќе одговори)**

А) Невладина организација

Б) Комисијата за спречување и заштита од дискриминација

В) Народниот правобранител

Г) Адвокат

Д) Друго ______________________________________________

**26а. Доколку сте ја пријавиле дискриминацијата, дали Вашиот случај бил решен? (изберете еден од понудените одговори и објаснете)**

А) Да. Како? ______________________________________________

Б) Не. Зошто? ______________________________________________

**27. Како ЛГБТИ+ лице, дали сте задоволни од заштитата и реакцијата институциите во случаи на дискриминација и насилство врз ЛГБТИ+ луѓето? (изберете еден од понудените одговори)**

А) Да

Б) Не. Зошто? ______________________________________________

**28. Дали како ЛГБТИ+ лице се чувствувате доволно заштитени од полицијата и од правосудните органи? (изберете еден од понудените одговори)**

А) Да

Б) Не. Зошто? ______________________________________________

## IV. ПРАВНА ЗАШТИТА НА ЛГБТИ+ ЗАЕДНИЦАТА И ДОВЕРБА ВО ИНСТИТУЦИИТЕ

**29. Дали се случило да не Ви се почитувани Вашите права врз основа на сексуална ориентација или родов идентитет? (на пример, доколку не сте биле примени на работно место поради Вашата сексуална ориентација или родов идентитет; доколку не сте имале можност да склучите брак поради Вашата сексуална ориентација; доколку сте биле жртва на дело од омраза, на пр. физичко насилство и закани поради Вашата сексуална ориентација или родов идентитет; сте се соочиле со булинг на училиште или психичко вознемирување на работното место; не сте добиле медицинска нега поради Вашата сексуална ориентација или родов идентитет; и слично) (изберете еден од понудените одговори)**

А) Да. Каде, од кого и кое право не Ви било почитувано? ______________________________
______________________________________________________________

Б) Не

**30а. Доколку Вашиот одговор е „Да“, дали сте иницирале постапка? (изберете еден од понудените одговори)**

А) Да

Б) Не. Зошто? ______________________________________

**31а. Доколку Вашиот одговор е „Да“, пред која институција сте почнале постапка? (изберете, можни се повеќе одговори)**

А) Полиција

Б) Обвинителство

В) Суд

Г) Центар за социјална работа

Д) Друго ________________________________

**32. Дали Вашиот случај беше решен? (изберете еден од понудените одговори)**

А) Да. Како? ______________________________________

Б) Не. Зошто? ______________________________________

**33. Како ЛГБТИ+ лице, дали имате доверба во државните институции? (изберете еден од понудените одговори)**

А) Да

Б) Не

**34б. Доколку Вашиот одговор е „Не“, тогаш која е причината? (изберете, можни се повеќе одговори)**

А) Поради хомофобија/трансфобија

Б) Поради недоволна сензибилизираност на државните службеници за работа со ЛГБТИ+ лица

В) Поради тоа што сметам дека не би ми ја дале потребната заштита

**Г) Друго** ______________________________________________

**35. Дали во последната година како ЛГБТИ+ лице Ви била потребна каква и да е правна помош? (изберете еден од понудените одговори)**

А) Да

Б) Не

**36а. Ако одговорот на претходното прашање е „Да“, која била причината? (внеси)**

________________________________________________________________________________

______________________________________________________________________

**37. Од каде ја добивте правната помош? (изберете, можни се повеќе одговори)**

А) Невладина организација

Б) Адвокат

В) Подрачно одделение на Министерството за правда

Г) Друго ______________________________

**38. Дали правната помош сте ја добиле бесплатно? (изберете еден од понудените одговори)**

А) Да

Б) Не

**39. Како ЛГБТИ+ лице, што Ви е важно во однос на пристапот до правна заштита? (објаснете)**

________________________________________________________________________________

______________________________________________________________________

**V. МЕДИЦИНСКА ЗАШТИТА НА ФИЗИЧКОТО И МЕНТАЛНОТО ЗДРАВЈЕ**

**40. Дали во последната година како ЛГБТИ+ лице сте користеле какви и да било медицински услуги? (изберете еден од понудените одговори)**

А) Да

Б) Не, ама имав потреба. Зошто? ____________________________

В) Не, немав потреба

**41а. Ако одговорот на претходното прашање е „Да“, дали ги добивте бараните услуги? (изберете еден од понудените одговори и објаснете)**

А) Да

Б) Не. Зошто? (внеси) ____________________

**42. Дали како ЛГБТИ+ лице сте наишле на тешкотии во користењето медицински услуги и грижа? (изберете еден од понудените одговори)**

А) Да. Зошто? ____________________

Б) Не

**43. Како ЛГБТИ+ лице, што Ви е важно во однос на пристапот до медицински услуги и грижа? (Ве молиме објаснете)**

____________________

____________________

____________________

**44. Дали како ЛГБТИ+ лице во последната година сте користеле или користите одредени психотерапевтски или советодавни услуги поврзани со Вашето ментално здравје? (изберете еден од понудените одговори)**

А) Да

Б) Не, немав потреба.

В) Не, иако имав потреба. Зошто? (објаснете) ____________________

____________________

**45а. Ако одговорот е „Да“, дали ги добивте потребните услуги? (изберете еден од понудените одговори)**

А) Да

Б) Не. Зошто? (објаснете) ____________________

**46. Како ЛГБТИ+ лице, што Ви е важно во однос на пристапот до психотерапевтски услуги? (Ве молиме објаснете)**

____________________

____________________

**47. Дали сметате дека има доволно посебни центри, односно организации што нудат услуги поврзани со менталното здравје на ЛГБТИ+ лицата? (изберете еден од понудените одговори)**

А) Да

Б) Не

**48. Дали сте користеле услуги од посебни центри, односно организации што нудат услуги поврзани со менталното здравје на ЛГБТИ+ лицата?**

А) Да

Б) Не. Зошто? (Ве молиме објаснете)

____________________

____________________

## VI. СОЦИО-КУЛТУРЕН ЖИВОТ

**49. Дали во последната година сте присуствувале на настан или активности поврзани со ЛГБТИ+ луѓето? (изберете еден од понудените одговори)**

А) Да

Б) Не. Зошто? (внеси) ______________________________________________

**50а. Ако одговорот на претходното прашање е „Да“, на каков настан/-и сте присуствувале? (Ве молиме објаснете)**

______________________________________________

______________________________________________

**51. Дали културните институции и настани во нашата земја се доволно инклузивни и ги вклучуваат ЛГБТИ+ луѓето? (изберете еден од понудените одговори)**

А) Да

Б) Не. Зошто? ______________________________

**52. Дали сметате дека има доволна вклученост на ЛГБТИ+ луѓето во мејнстрим медиумите и популарната култура? (изберете еден од понудените одговори)**

А) Доволно е

Б) Не е доволно

**53. Дали имате потреба од специфични социо-културни настани поврзани со ЛГБТИ+ теми? (изберете еден од понудените одговори)**

А) Да

Б) Не

**54. Како ЛГБТИ+ лице, колку Ви е важно да се организираат посебни социо-културни настани за ЛГБТИ+ луѓето? (изберете еден од понудените одговори)**

А) Многу ми е важно

Б) Сеедно ми е

В) Не ми е важно

**55. Што сметате дека недостига во однос на социо-културните настани поврзани со ЛГБТИ+ луѓето? (Објаснете)**

______________________________________________

______________________________________________

**56. Дали имате потреба од посебни јавни места (на пример, кафе-барови) каде што може слободно да го изразите својот квир-идентитет? (изберете еден од понудените одговори)**

А) Да

Б) Не

## VII. ГРАЃАНСКИ СЕКТОР

**57. Дали ЛГБТИ+ луѓето се доволно вклучени во носењето одлуки на локално и/или национално ниво? (изберете еден од понудените одговори)**

А) Да

Б) Не. Зошто? ____________________________________________

**58. Дали има одредени права што се важни за ЛГБТИ+ луѓето, а државата не ги почитува? (изберете еден од понудените одговори)**

А) Да. Кои? (објасни) ____________________________________________________________
________________________________________________________________________________

Б) Не

**59. Колку за Вас, како ЛГБТИ+ лице, се важни граѓанските организации што работат на прашањата поврзани со ЛГБТИ+ луѓето? (изберете еден од понудените одговори)**

А) Многу се важни

Б) Сеедно ми е

В) Не ми се важни

**60а. Како ЛГБТИ+ лице, што Ви е важно во однос на работата на граѓанските организации? (Ве молиме објаснете)**

________________________________________________________________________________
________________________________________________________________________________
________________________________________________________________________________
________________________________________________________________________________

## VIII. ИСТОПОЛОВИ ЗАЕДНИЦИ

**61. Дали сте во трајна стабилна емотивна врска? (изберете еден од понудените одговори)**

А) Да

Б) Не

**62а. Дали живеете со својот/својата партнер/-ка? (изберете еден од понудените одговори)**

А) Да

Б) Не, ама планираме во наредниот период да живееме заедно

В) Не, и не планираме заеднички живот

**63. Дали би биле во цивилно партнерство со Вашиот/-ата партнер/-ка доколку тоа би било дозволено во Република Северна Македонија? (изберете еден од понудените одговори)**

А) Да

Б) Не

В) Не сум сигурен/-на

**64. Дали би склучиле брак со Вашиот/-ата партнер/-ка доколку тоа би било дозволено во Република Северна Македонија? (изберете еден од понудените одговори)**

А) Да

Б) Не

В) Не сум сигурен/-на

**65. Дали сметате дека е потребно правно регулирање на истополовите заедници во Република Северна Македонија? (објаснете)**

А) Да. Зошто? ______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________________

Б) Не. Зошто? ______________________________________________________________________________
________________________________________

## IX. ТРАНСРОДОВИ ЛИЦА

66. Дали планирате медицински да го приспособите својот пол на Вашиот родов идентитет? (изберете еден од понудените одговори)

А) Да

Б) Не

В) Сè уште немам донесено одлука

67. Дали во моментов сте во процес на транзиција (изберете еден од понудените одговори)

А) Да

Б) Не

В) Не, но би сакал/-а да започнам наскоро

**68. Дали досега сте имале проблеми поради разликата во Вашиот родов идентитет и ознаката за пол на Вашите лични документи? (изберете еден од понудените одговори)**

А) Да. Какви? ______________________________________________________________________________
______________________________

Б) Не

**69. Дали, доколку во Република Северна Македонија е можно правно, би ја промениле ознаката за пол на Вашите лични документи? (изберете еден од понудените одговори)**

А) Да

Б) Не

В) Не сум сигурен/-на

**70. Дали како трансродово лице сте биле изложени на некоја од следниве ситуации? (заокружи, можни се повеќе одговори)**

А) Сте добиле трансфобични коментари

Б) Сте доживеале трансфобичен вербален напад

В) Ви се заканувале

Г) Сте доживеале физичко, психичко или сексуално вознемирување, злоставување или насилство

Д) Друго ____________________________________________

## Ви благодариме за учеството во истражувањето

ЛГБТИ+